КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство:
## Актуелни судски постапки

**Коалиција „Сите за правично судење“**


Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk


јули, 2019

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На 01.07.2019 година, на рочиштето за главен претрес се изведоа како докази искази на сведоци кои што биле дадени на записник во претходната постапка.

## „ТОПЛИК“ КОК-57/17

На 11.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради тоа што 2 обвинети не се спроведени од притвор како и поради непотполн судечки совет.

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 05.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „ТАЛИР“ КОК-3/19

На 09.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на претставник на обвинетото правно лице, политичката партија ВМРО- ДПМНЕ.

## „ЗМИСКО ОКО“ КОК-38/16

На 05.07.2019 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради тоа што предметот со сите списи е се уште во Врховен суд, а дополнително отсустни беа и дел од обвинетите и нивните бранители.

## „ТРИСТА“ КОК-7/19

На 02.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради неспорведување на обвинетиот од истражниот затвор Шутка.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 04.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „ТРЕВНИК“ КБР.238/18

На 02.07.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на странките во постапката.

На 04.07.2019 година беше јавно објавена пресудата. Судот донесе ослободителна пресуда за тројцата обвинети во овој предмет.

## „ТЕНДЕРИ“ КОК-64/17

На 09.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради преклопување на предмети, односно во исто време е насрочен и друг предмет во кој суди истиот претседател на судечки совет.

На 10.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет.

## „ТАРИФА“ КОК-51/17

На 03.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите.

На 09.07.2019 година, на рочиштето за главна расправа беа сослушани вкупно четири сведоци, предложени од страна на Специјалното јавно обвинителство.

На 11.07.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа сослушани вкупно четири сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

## „ТОРТУРА“ КБР.1959/17

На 05.07.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со сослушување на двајца сведоци.

## „ТРАНСПОРТЕР“ КОК-30/17

На 08.07.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази од страна на Специјалното јавно обвинителство.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 08.07.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше испитан еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

## „ТОТАЛ“ КБР.1493/17

На 11.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи, поради отсуство на кадар кој работи за поставување на техничка орема за визуелно и тонско снимање.

## „ТРЕЗОР“ КОК-60/17

На 01.07.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше сослушан еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител. Дополнително,на рочиштето беше дозволено присуство на стручна јавност, од причина што јавноста беше исклучена во дел од испитувањето на сведокот.

## „БОЖИНОВСКИ “ КОК-46/19

На 12.07.2019 година, главниот претрес беше одложен поради отсуство на двајца сведоци.

## „МИЛЕНКО НЕДЕЛКОВСКИ“ КБР.1816/18

На 04.07.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител.

## „ЛИКВИДАЦИЈА“ КОК-38/19

На 02.07.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

## „МАЏАР ТЕЛЕКОМ“ КБР.817/11

На 04.07.2019 година, на рочиштето за главен претрес беа изведени материјални докази.